Професионалните пожарникари вработени во ТППЕ Македонски Брод имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста.

Член 3

Во Член 1, после зборот "персонал" се додава: "и на овластените службени лица во областа на безбедноста".

Член 4

Во Член 3, после зборот "персонал" се додава: "и овластените службени лица во областа на безбедноста".

Член 5

Во Член 18, после зборот "персонал" се додава: "и овластените службени лица во областа на безбедноста".

Член 6

Во Член 19, после зборот "персонал" се додава: "и овластените службени лица во областа на безбедноста".

Член 7

Во Член 20, после зборот "персонал" се додава: "и овластените службени лица во областа на безбедноста".

Член 8

Во Член 21, после зборот "персонал" се додава: "и овластените службени лица во областа на безбедноста", а во став 1, точките 10,11,12 и 13 се бришат.

Член 9

По член 21, се додава нов чен 21а, кој гласи:
Бројот на бодовите на вработените овластени лица од областа на безбедноста, согласно степенот на сложеност на задачите што вработениот ги извршува изнесува и тоа:

- Командир на ТППЕ – 415 бодови
- Командир на одделение на ТППЕ – 322 бодови
- Пожарникар спасител – техничар – 297 бодови
- Пожарникар спасител – 266 бодови.

Член 10

Во Член 25, после зборот "персонал" се додава: "и овластените службени лица во областа на безбедноста".

Член 11

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 – 180/5**
**22.02.2017 година**
**Македонски Брод**

**Председател на Совет**
**Општина Македонски Брод**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополна на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод**

Се прогласува **ПРАВИЛНИК за измена и дополна на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 од став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за овластување на статутарно-правната комисија за изработка на пречистен текст на Статут на општината Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава овластување на статутарно-правната комсија да изработи пречистен текст на Статутот на Општина Македонски Брод .

**Член 2**

Согласно чл.1, статутарно правната комисија во пречистениот текст да ги утврди и вклопи сите досегашни статутарни одлуки и да го достави до Советот на општина Македонски Брод.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 180/6**
**22.02.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за овластување на статутарно-правната комисија за изработка на пречистен текст на Статут на општината Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за овластување на статутарно-правната комисија за изработка на пречистен текст на Статут на општината Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 т.31 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), по достава бр.18- 167/1,2, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22 февруари 2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишен извештај за работа и завршна сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2016 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ги усвои Годишниот извештај за работа и завршната сметка на Општинска установа Дом на култура Македонски Брод за 2016 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 180/7**
**22.02.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 16 став 3 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр. 17/2011; 53/2011; 144/2012; 153/2012; 25/2013; 137/2013; 163/2013 и 44/2015) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод, а по барање на Јосифоска Љубица од с.Самоков општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 22.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за потребата за размена на градежно земјиште**

**во КО Самоков**

**Член 1**

Согласно оваа **Одлука** се утврдува потребата за размена на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со градежно земјиште со право на користење на физичко лице Јосифоска Љубица, поради изграден инфраструктурен објект 10 КВ далновод на дел од градежната парцела.

**Член 2**

Размената на градежното земјиште се однесува на градежна парцела со индикации КП бр.46/24 м.в.„Средок“,со површина од 425 м2, за КО Самоков, доделена со Решение бр.12-51/1/92 год. со право на користење на градено неизградено земјиште заради изградба на Љубица Јосифоска од с.Самоков -Македонски Брод со КП.бр. 1349, викано место „Подиште“,во површина од 550 м2, заведена во Имотен лист бр.95 за КО Самоков, со незапишано право на сопственост на катастарската парцела.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18- 180/8
22.02.2017 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за потребата за размена на градежно земјиште во КО Самоков**

Се прогласува Одлуката за потребата за размена на градежно земјиште во КО Самоков, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за еднакви можности меѓу мажите и жените (Службен весник на РМ бр. 66/06, бр.6/12, бр.201/15), член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 21од Статутот Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2016 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Вовед**

*Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло,политичкото и верското уверување, имотната и оппштествената положба/ член 9,**Устав на Република Македонија.***

Политиката на родова рамноправност и зајакнувањето на жените, претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата рамноправност во Република Македонија, е уставна категорија.

Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.

Оваа **Програма за еднакви можности на Општина Македонски Брод за 2017 година** е изработена врз основа на **Законот за еднакви можности на жените и мажите**,во согласност со **рамноправност на Општина Македонски Брод Акцискиот План за родова 2015 – 2018** кој пак е изработен во согласност со **Стратегијата за родова еднаквост 2013- 2020** донесена на 20 февруари од страна Собранието на Р. Македонија. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок,еднаквоста помеѓу половите сеуште не е реалност во секојдневиот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сеуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости.

Ваквите нееднаквости се резултат на традиционалниот и социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени. Клучните идентификувани области во локалната заедница согласно **Акцискиот план за родова рамноправност на Општина Македонски Брод 2015 – 2018** на кои треба да се насочат активностите и интензивира работата во 2017 година за воведување на родова рамноправност се:

**1. Човекови права – недискриминација;**
**2. Подигање на свеста за грижа на жената за сопственото здравје;**
**3. Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница;**
**4. Жената и пазарот на труд;**
**5. Родово одговорно буџетирање;**
**6. Јакнење на капацитетите/ едукација на носителите на активностите;**

**I ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Македонски Брод во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2017 година се:

1. Подобрување на информираноста на жените за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и дискриминација;
2. Подобрување на информираноста во однос на здравствените програми за сексуалното здравје наменети за жените и младите;
3. Промовирање и унапредување на потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 201/15) ;
4. Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво;
5. Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2013-2017;
6. Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација со цел постигање на повисоко ниво на родова рамноправност во локалната заедница;
7. Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност;

## II АКТИВНОСТИ 2017

**Во текот на 2017 година во Општина Македонски Брод се планира да се реализираат следните активности од доменот на еднаквите можности**

| | Цели | Проект | Активности | Временски период | Резултати | Носител на активности | Буџет мкд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Подобрување на информираноста на жените за човековите права, механизмите за заштита, родовата рамноправност и дискриминација; | **Едукација и информирање на жената за нејзините права** | 1.1 Одржување на советување/едукативно предавање на тема жената и нејзините права, дискриминација врз основа на пол, и информирање за механизмите за заштита и казнување на кршењето на тоа право<br><br>1.2 Подготовка, печатење и дистрибуција на едукативен материјал/ флаер, материјал за предавањето и сл.<br><br>1.3 Промоција и медиумска покриеност на проектот | Јуни 2017<br><br>Мај - Јуни 2017<br><br>Јуни 2017 | - Подобрена информираноста на жените за препознавање на дискриминацијата врз основа на пол на пазарот на труд (во согласност со законските одредби),.<br><br>-десиминација на информации (дистрибуција на флаер, медиуми, веб саитот на општината) | -Комисијата за еднакви можности<br><br>Градоначалник | 1.1 6000<br><br>1.2 6000,00<br><br>1.3 1000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Подобрување на информираност а во однос на здравствените програми за сексуалното здравје наменети за жените и младите | **Едукација на жените и младите за сексуално преносливите болести** | 2.1 Одржување на трибина, работилница на тема за сексуално преносливите болести и превенција од истите<br><br>2.2 Подготовка на печатен материјал, покани и сл. за потребите на работилницата | Ноември 2017<br><br>Ноември 2017 | Подигање на повисоко ниво на свеста и грижа на жените и младите за сексуалното здравје<br><br>-Едуцирани жените и младите за заштита на сексуалното здравје | -Комисијата за еднакви можности<br><br>- Градоначал ник | 2.1 6000,00<br><br>2.2 6000,00 |
| 3. | Промовирање на потребата од рамноправно учество на жените и мажите во одлучувачките процеси, политичкиот и јавниот живот во локалната заедница / доследна примена на Законот за еднакви можности наженитe и мажите („Службен весник на РМ“бр. 201/15) | **Жената и одлучувачкките процеси во локалната заедница** | -Укажување од Комисијата за еднакви можности ( КЕМ) до сите органи, организации и институции на локално ниво за ,почитување на принципот на еднакви можности и промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите<br><br>-преку непосредни дирекни,средби, состаноци,веб страната на општината и др.контакти | Континуирано 2017 | Промовирана потребата за почитување на одредбите од Законот за еднакви можности на принципот на еднакви можности/ унапредување на еднаквите можности на жените и мажите | Комисијата за еднакви можности | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Унапредување на економскиот статус на жените, преку јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво | **„Промоција на активните мерки за вработување на Владата на Р. Македонија и програмите за стекнување со одредени квалификации на Агенцијата за вработување наР.Македонија,,** | Активна десиминација на информации и дистрибуцијана истите преку стандардните форми на информирање на локално ниво (огласни табли, веб страна на општината, медиуми и сл), дистрибуција на печатен материјал, како и преку алтернативни форми на информирање посебно на жените од руралните средини во општината,користејќи ги најразличните собири и настани кои се одржуваат во текот на годината во истите. | Континуирано 2017 | Зголемена самоиницијативноста на жените за економско јакнење и осамостојување | -Комисијата за еднакви можности - Градоначалник | 20000,00 |
| | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Интегрирање на родовата перспектива при креирање на буџетските политики, согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите и Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2013-2017 | **„Воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво** | Активно учество на Комисијата за еднакви можности при креирањето на локалните политики и алоцирањето на средствата од општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност и родовата перспектива | Континуирано 2017 | Подигање на повисоко ниво на родовото одговорно распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност. | -Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник | |
| 6. | Јакнење на капацитетите на Комисијата за еднакви можности и општинската администрација (ова го кажувате во резултатот | **Едукација за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и мажите** | Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности за сите. | Континуирано 2017 | Зајакнати и оспособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резаултира со повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата. | -Комисијата за еднакви можности<br>-Градоначалник | 20000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Редовна публикација на активности и материјали за родова рамноправност | **Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности** | Публицирање на информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми на дисеминација на информации | Континуирано 2017 | Обезбеден пристап до информациии за родова рамноправност во локалната заедница | Комисијата за еднакви можности<br>-<br>Градоначалник | 10000,00 |
| | | | | | | **ВКУПНО:** | 75000,00 |

За реализација на целите на Програмата, Општина Македонски Брод ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.
Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности.

## III МЕТОДИ НА РАБОТА

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:
- **Работни средби** –Организирани за координација помеѓу КЕМ, Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;
- **Дискусионо обучувачки методи** – ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките,предавањата, советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти. Евалуативни прашалници пополнети од страна на учесниците во активностите;
- **Истражувачко аналитички методи-** ќе се користат при и анализа на постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);
- **Информативно промотивни** – овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби согласно содржината на активностите;
- **Правни** – ќе се користат при спроведувањето на процедурите за избор на понудувачи за реализација на активностите согласно Законот за јавни набавки во Р. Македонија;
- **Финансиско сметководствени методи** – ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно, периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

## IV ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Македонски Брод

## V. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Македонски Брод и координаторот за еднакви можности кои го изработуваа овој документ ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.
До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештаи за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

Координатор за еднакви можности,
Милка Стаменкоска
Комисија за еднакви можности на жените и мажите,
1.Александар Максимоски , претседател
2.Боро Милески, член
3.Лилјана Стојаноска, член
4.Љупка Јаковлеска, член
5. Ивица Димоски, член

**Бр. 18-180/9**
**22.02.2016год.**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2017 ГОДИНА**

Се прогласува **ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2017 ГОДИНА**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Којнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 2/03, а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2016 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/15), по доставено барање 18-178/1 од 14.02.2017 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 22.02.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за настап во трета Македонска Фудбалска лига Југозапад**

1.На ФК Пролетер 1937 Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 150.000,00 денари како финансиска подршка за учество во трета Македонска Фудбалска лига Југозапад .

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка трансфери до спортски клубови.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

**Бр.18- 180/10**

**22.02.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за настап во трета Македонска Фудбалска лига Југозапад**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за настап во трета Македонска Фудбалска лига Југозапад**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член бр. 21 од став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), по доставено барање од викенд населба Близанско бр.18-183/1 од 15.02.2017, Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за поставување на улично осветлување во викенд населба Близанско**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава овластување на Градоначалникот на општина Македонски Брод за поставување на улично осветлување во викенд населба Близанско .

**Член 2**

Согласно чл.1, поставувањето на улично осветлување да се изврши на постоечките бандери поставени од страна на Македонски Телеком за интернет инсталација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 180/11**
**22.02.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за поставување на улично осветлување во викенд населба Близанско**

Се прогласува **Одлука за поставување на улично осветлување во викенд населба Близанско**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), по доставено барање од СОУ „Св.Наум Охридски“ бр.18-786/ од 2016г, Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстапување на метална ограда (вон употреба) од градски стадион на СОУ „Св.Наум Охридски“ –Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отстапува метална ограда која е вон употреба од градскиот стадион во должина околу 80м со која би се оградило училиштето од источна страна која е одградена со изградба на спортската сала.

**Член 2**

Согласно чл.1, отстапувањето на металната ограда е без надокнада и истата да се постави согласно барањето од СОУ „Св.Наум Охридски“ –Македонски Брод

.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 180/12**
**22.02.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за отстапување на метална ограда (вон употреба) од градски стадион на СОУ „Св.Наум Охридски“ –Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за отстапување на метална ограда (вон употреба) од градски стадион на СОУ „Св.Наум Охридски“ –Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), по доставено барање од група граѓани Мак.Брод бр.18-190 од 2017г, Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за отстранување на 5(пет) дрва (евли и врби) кои претставуваат сериозна опасност од оштетувања за дуќаните кои се лоцирани покрај кејот на река Треска.

**Член 2**

Согласно чл.1, сопствениците на дуќаните имаат согласност за отстранување на дрвата и истите ги предадат на шумско стопанство Македонски Брод.

.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 180/13**
**22.02.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска**

Се прогласува **Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 22.02.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за отпочнување со подготвителни работи на БРОАДСТОНЕ СЕКЈУРИТИ, ДОО Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за отпочнување со подготвителни работи на БРОАДСТОНЕ СЕКЈУРИТИ, ДОО Скопје за изградба на објект со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија кое земјиште претставува ГП бр.1.1 која е формирана од КП 49/2 за КО Барбарос.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 180/14**
**22.02.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за давање согласност за отпочнување со подготвителни работи на БРОАДСТОНЕ СЕКЈУРИТИ, ДОО Скопје**

Се прогласува **Одлука за давање согласност за отпочнување со подготвителни работи на БРОАДСТОНЕ СЕКЈУРИТИ, ДОО Скопје**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.02.2017 година.

**Бр.08- 180 /15**
**24.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 2 од 24.02.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Завршна сметка на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2016 година ........................ стр. 2

Финансиски извештај на Општина Македонски Брод за 2016 година .............................. стр. 42

Годишен извештај за користење на средствата од резервите за 2016 година .................... стр. 49

Заклучок за усвојување на Завршната сметка за 2016 година на Општина Македонски Брод ........................................................................................................................................ стр. 50

Заклучок за прогласување на Завршната сметка за 2016 година на Општина Македонски Брод ........................................................................................................................................ стр. 51

Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2017 година ........................................................................................................................ стр. 52

Заклучок за прогласување на Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2017 година ........................................................................ стр. 53

Правилник за измена и дополна на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод ........................................................................................................... стр. 54

Заклучок за прогласување на Правилник за измена и дополна на Правилникот за плати на вработените во Општина Македонски Брод ................................................................... стр. 56

Одлука за овластување на статутарно-правната комисија за изработка на пречистен текст на Статут на општина Македонски Брод ........................................................................ стр. 57

Заклушок за прогласување на Одлука за овластување на статутарно-правната комисија за изработка на пречистен текст на Статут на општина Македонски Брод ..................................... стр. 58

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа и завршна сметка на ОУ Дом на култура Македонски Брод за 2016 година ......................................................................... стр. 59

Одлука за потребата за размена на градежно земјиште во КО Самоков ........................... стр. 60

Заклучок за прогласување на Одлука за потребата за размена на градежно земјиште во КО Самоков .......................................................................................................................... стр. 61

Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво во Општина Македонски Брод за 2017 година .............................................................................................. стр. 62

Заклучок за прогласување на Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво во Општина Македонски Брод за 2017 година ....................................................... стр. 71

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ФК Пролетер 1937 Македонски Брод за настап во трета Македонска Фудбалска лига Југозапад ..................... стр. 72

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за настап во трета Македонска Фудбалска лига Југозапад .............................. стр. 73

Одлука за поставување на улично осветлување во викенд населба Близанско ................. стр. 74

Заклучок за прогласување на Одлука за поставување на улично осветлување во викенд населба Близанско .............................................................................................................. стр. 75

Одлука за отстапување на метална ограда (вон употреба) од градски стадион на СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод ........................................................................ стр. 76

Заклучок за прогласување на Одлука за отстапување на метална ограда (вон употреба) од градски стадион на СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод ............................................ стр. 77

Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска .......................... стр. 78

Заклучок за прогласување на Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска ......................................................................................................................... стр. 79

Одлука за давање согласност за отпочнување со подготвителни работи на БРОАДСТОНЕ СЕКЈУРИТИ ДОО Скопје .......................................................................................................... стр. 80

Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност за отпочнување со подготвителни работи на БРОАДСТОНЕ СЕКЈУРИТИ ДОО Скопје ..................................................................... стр. 81